**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1404-108/7**
**Скопје, 09.06.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СТРУГА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за локални патишта и улици на општина Струга за 2004 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фондот за локални патишта и улици на општина Струга за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Розалина Мукоска - Директор на Фондот за локални патишта и улици Струга во периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај извршена во периодот од 21.02. до 24.02. и од 06.03. до 20.03.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Виш ревизор;
- Билјана Сурлевска – Ревизор;
- Бљерта Селмани - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
______________________

законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 12.05.2006 година со писмо број 1404-108/6 примени се забелешки по Предходниот извештај на овластениот државен ревизор од одговорното лице на субјектот за периодот кој е предмет на ревизија. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- Забелешките на Препораката по точка 10.2.4. алинеја еден од наведената препорака се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**
11.1.1. Не е извршен попис на Побарувањата од купувачи во земјата за кои е искажана состојба во износ од 49.950 илјади денари кои се по основ на надомест за уредување градежно земјиште, побарувања за кирии, такси станици, автобуски стојалишта, паркинзи, по основ на побарувања од вработените за повеќе потрошени средства за телефонски разговори со мобилни телефони над дозволениот износ и не е извршен попис на обврските спрема добавувачите за кои на 31.12 2004 година е искажана состојба од 99.707 илјади денари по основ на извршени градежни работи, стоки и услуги, што не е во согласност со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Истото е поради нецелосна примена на претходно споменатиот правилник, а како резултат има искажување на состојби кои не се верифицирани со извршување на попис и утврдување на основот по кои се искажани побарувањата и обврските.
**Препорака:**
Надлежното одделени да пропише акт за спроведување на редовен попис кој ќе и служи на Комисијата за попис за спроведување на пописот согласно на одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11.1.2. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект за 2004 година не води евиденција на позицијата Материјални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект, односно соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.

**Препорака:**

Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек и по завршувањето и активирањето да се евидентираат од овие ставки на ставките за Материјални средства во употреба со истовремено зголемување на Деловниот фонд.

11.1.3. Со увидот во сметководствената евиденција ревизијата утврди дека набавените материјали и ситниот инвентар не се евидентираат на залиха, ниту се евидентираат промените ( прием и издавање) на материјалите и ситниот инвентар кое не е во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Документацијата за прием и издавање на материјалите не е воопшто оформена ниту има задолжено лице за ракување со материјалите. Поради предходното се нема увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар како и нема политика за евидентирање на залихите на материјали и ситен инвентар.

**Препорака:**

Согласно сметководствените принципи и начела утврдени со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници одделението за сметководство на општина Струга да воведе евиденција на набавениот ситен инвентар и неговото давање во употреба со соодветно зголемување и намалување на Фондот на залихи на материјали и ситен инвентар како и на набавките и потрошокот на материјали.

**11.2. Неправилности во искажување на расходите/приходите**

11.2.1. Во билансот на приходи и расходи за 2004 година и приходите и расходите се потценети за износ од 5.400 илјади денари поради не евидентирани трансакции по договори за цесија кое не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Имено, од страна на Фондот за магистрални и регионални патишта Скопје за сметка на фондот за локални патишта и улици Струга исплатени се средства од 3.000 илјади денари на 03.09.2004 година по договор за цесија со Илинден Струга и 2.400 илјади денари на 05.11.2004 година по договор за цесија со Илинден Струга или вкупно 5.400 илјади денари помалку евидентирани приходи и расходи на сметката на Фондот за локални патишта и улици Струга. Овие средства не се евидентирани во книговодствената евиденција на Фондот за локални патишта и улици Струга поради вообичаена пракса договорите за цесија по потпишувањето од сите страни во договорот да не се доставуваат повратно до сите договорни страни, иако средствата се реализирани односно исплатени.

**Препорака:**

- Во случаите кога се јавува намирување на обврските и наплата на побарувањата со договори за цесии, истите по потпишувањето од сите страни во договорот и реализацијата на средствата да бидат евидентирани кај сите учесниците во цесијата.
- Да не се применуваат овие форми на плаќање од причина што се нарушува буџетскиот принцип на евидентирање во сметководството.

11.2.2. Ставката договорни услуги е преценета за износ од 15 илјади денари за кој износ е потценет Вишокот на приходи над расходите поради исплата на трошоци спротивно на Законот за буџетите, за застапување во парнични и извршни постапки на Јавното правобранителство Струга кое по службена должност е повикано да ги извршува работите на заштита на интересите на државниот имот и за што се финансира од средствата на Буџетот на Република Македонија.

**Препорака:**

Да се почитуваат законските прописи и средствата од буџетот на општината да се користат за намени утврдени со Законот за локална самоуправа.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

11.2.3. Ставката Други оперативни расходи е преценета за износ од 165 илјади денари за извршеното плаќање на закупнина за закуп на две соби и исхрана во Рибниот ресторан Разме с.Калишта Струга. За кои трошоци на ревизијата не и беше презентирана соодветна документација – договор за тоа кој и за кои намени ги користел овие услуги. За истиот износ е потценет Вишокот на приходи над расходи.
**Препорака:**
Искажаните расходи да се базираат на комплетна и веродостојна документација која во целост ќе ја прикажуваат настанатата состојбата.

11.2.4. Општина Струга во 2002 година има склучен договор број 02-1157/1 од 02.04.2002 година, за заедничка градба на објект – спортска сала, со Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија. Со договорот Агенцијата се обврзува да учествува во изградбата со вкупна вредност од 340.000 ДЕМ во денарска противвредност, истовремено се откажува од инвестициониот влог и се утврдува правото на сопственост на општина Струга на објектот – спортска сала.
Во врска со реалноста на расходите за изведување на градежни работи на објектот - спортска сала, во износ од 8.235 илјади денари, кои се евидентирани на ставката Други оперативни расходи-обврски од претходни години, ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на истите поради следното:

- Во врска со извршените работи од страна на изведувачот испоставена е времена ситуација со број 05-597 без датум на износ од 9.948 илјади денари која не е потпишана од страна на инвеститорот општина Струга и завршна ситуација број 05-402 од 16.08.2002 година на износ од 1.298 илјади денари без да ги содржи податоците од претходната ситуација, која не е потпишана од страна на надзорен орган и од страна на инвеститорот. Изведбата на градежните работи на спортската сала ги извдува АД Илинден Струга по прелиминарен договор број 08-957/1 од 23.07.2002 година склучен со општина Струга.;
- Вложувањата извршени за изградаба на Градска спортска сала не се евидентирани на сметката за инвестиции во тек во книговодството на општина Струга;
- Во врска со степенот на изградба на спортската сала од страна на Советот на општина Струга е формирана комисија за утврдување смерници за понатамошни активности за градска спортска сала на општина Струга. На основа извештајот од комисијата, Советот на општина Струга има донесено одлука бр.07-240/4 од 21.02.2003 година со која се прифаќаат предлог мерките на комисијата, меѓу другото и во врска со висината на долгот спрема АД Илинден Струга и начинот на плаќање, како и тоа дека е потребно да се изврши заштита на постојната челична конструкција и изградба на објектот до фаза на карабина, по претходно распишан јавен тендер.

**Препорака:**

- Да се задолжи надлежното одделение да се преземат мерки за евидентирање на објектот спортска сала како инвестиција во тек.
- Надлежните служби на општина Струга да преземат мерки за заштита на започнатиот објект бидејќи во таква фаза во каква што е со текот на времето истиот ќе се уништи.

**11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата**

11.3.1. Позицијата Постојани средства и Извори на капитални средствата е потценета за вкупен износ од 8.900 илјади денари за направените расходи за софтверска лиценца за геодетски информационен систем (ГИС) и изработка на ГИС во износ од 607 илјади денари и капитални расходи во износ од 8.293 илјади денари во 2004

година за извршено тампонирање, асфалтирање на патишта и улици во општина Струга – Фонд за локално патишта и улици, кои се искажани како расходи во Билансот на приходи и расходи, а истовремено не се евидентирани и како зголемување на состојбата на нематеријалните и материјалните средства и зголемување на вредноста на Државниот – јавен капитал. Согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, за истите правниот субјект бил должен да изврши соодветно разграничување и да спроведе книжење со кое ќе искаже зголемување на вредноста на Нематеријалните и Материјалните средства и зголемување на Државниот-јавен капитал.

**Препорака:**

Расходите за капитални средства кои имаат влијание на состојбата на материјалните средства во смисла на подобрување на квалитетот, векот на употреба, габаритот и слично истовремено да се евидентираат и како зголемување на истите и зголемување на состојбата на деловниот фонд.

11.3.2. Ставката Инвестиции во тек е прецената за износ од 31.605 илјади денари за кој износ е потценета состојбата на ставката Градежни објекти, поради тоа што на оваа сметка сеуште стои евиденција за градежните работи на десната лента на улица „Туристичка„ која е завршена во 2002 година во врска со што од страна на изведувачот А.Д. „Илинден„ Струга е издадена завршна ситуација од 19.11.2002 година, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и има за резултат неправилно искажување на пооделни позиции во Билансот на состојба и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

По завршувањето на работите на инвестициониот објект и давање на истиот во употреба потребно е да се изврши правилно евидентирање на соодветните сметки согласно Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници

11.3.3. Позицијата обврски спрема добавувачите е потценета за износ од 663 илјади денари за кој износ е потценета состојбата на други побарувања и е потценета состојбата на Активните и Пасивните временски разграничувања поради тоа што:

- Искажаниот износ на обврските спрема добавувачите од 99.707 илјади денари не ја прикажува вистинската состојба и претставува состојба на побарувачки и долговни салда кои меѓусебно се пребиени;
- Не е евидентирано плаќање за адвокатски услуги за 56 илјади денари, што не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
- Долговните салда искажани на сметката обврски спрема добавувачите се во износ од 719 илјади денари, и истите не се пренесени на сметката на Други побарувања и на Активни временски разграничувања. Дел од долговните салда во износ од 364 илјади денари потекнуваат од пред 2003 година и се преземени со спојување на Фондот за уредување градежно земјиште со Фондот за локални патишта и улици, а останатиот дел потекнуваат од 2004 година.

Вистинската состојба која треба да биде искажана на сметката обврски спрема добавувачите треба да е 100.427 илјади денари. Ова се јавува поради тоа што на 31.12.2004 година не е извршено разграничување на салдата на сметките за обврски спрема добавувачите на кои се јавуваат и долговни салда.

**Препорака:**

На крајот на годината пред затворање на сметките да се изврши разграничување на долговните и побарувачките салда и истите соодветно да се евидентираат. За салдата

кои потекнуваат пред 2003 година да се испита основот на обврската со цел да се утврди нивната реалност.

**11.4. Неправилности кај јавните набавки**

11.4.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди непременување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 26/98, 50/01, 2/02 и 24/03) и Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 19/04) и тоа:

1. Извршени се набавки со прибирање на понуди спротивно на Законот за јавни набавки и тоа:

- спротивно на член 47 став 4, член 61 став 4 од ( Сл.в.на РМ бр.21/02) и член 15 од (Сл.в.на РМ бр.19/04), односно во барањето за јавна набавка не се бара доказ за техничка способност на понудувачите, склучени се договори за работа иако во понудата нема доказ за техничка способност и тоа со: Инжинеринг Даас Охрид, ТП Солун, Асиа принт-Струга, ЈТД Пер с.Драслајца-Струга, (Прилог број 1, точка 1,2,3 и 4, од Извештајот);

- При спроведување на постапката број 06/04 (07-147/1 од 8.03.04), за тампонирање и асфалтирање на дел од улица Туристичка, улица Славеј планина, на дел од улица Маркс и Енгелс, крпење на ударни дупки, хоризонтална сигнализација и изработка на бетонски парапет на кејот на река Црн Дрим не се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки и тоа: со оглед на тоа што вкупната максимална цена изнесува повеќе од 52 илјади евра постапката треба да биде со отворен повик согласно член 18 од законот, во фазата на одлучување набавката е поделена што е спротивно на член 19 став 1 (одложено е тампонирањето на дел од улица Туристичка и улица Маркс и Енгелс и изработка на бетонски парапет на кејот на река Црн Дрим), односно во барањето за јавна набавка не стои можност да се подели набавката; спротивно на член 47 став 4 во барањето за јавна набавка не се бара доказ за техничка способност на понудувачите. Склучен е договор со АД Илинден Струга на износ од 1,820 илјади денари за тампонирање на улица Славеј планина, крпење на ударни дупки и хоризонтална сигнализација, иако во вкупната понуда нема понуда за ударни дупки и хоризонтална сигнализација. Напоменуваме дека на ревизијата договорот не и беше доставен на увид (Прилог бр. 1 точка 5, од Извештајот);

2. Извршени се набавки со постапка отворен повик спротивно на Законот за јавни набавки Сл.в.на РМ бр.24/03 и Сл.в.на РМ бр.19/04, (Прилог бр.2 од Извештајот) и тоа:
- со одлуката за јавна набавка не е утврден износот на средства потребни за реализација на набавката согласно член 12 став 2 (Прилог бр.2 , точка 1 и 3);
- огласот за јавна набавка не содржи докази и документација кои се потребни за докажување на техничката способност на понудувачите, можност да се подели набавката согласно член 57 став 5 и став11, (Прилог бр.2 , точка 2, 4, 5 и 7);
- рокот на објавување на отворениот повик пократок е од законски предвидениот согласно член 58, (Прилог бр.2, точка 3,6 и 9);
- склучен договор без да се чека да помине рокот за жалби согласно член 85 став 3 од законот (Прилог бр.2, точка 1);
- склучен договор со АД Илинден Струга за тампонирање и асфалтирање на улица Туристичка и улица Маркс и Енгелс на износ од 10,555 илјади денари без да се чека да помине рокот за жалби согласно член 58 б став 1 од законот за јавни набавки, (Прилог бр.2,точка 9);
- склучен е договор за Бетонирање на пешачка патека потег Струга со второрангиран - ДООЕЛ ИНГ Пошка с. Франгово Струга на износ 5,494 илјади денари, поради тоа што

избраниот понудувач се откажува, согласно член 87 од законот треба да се спроведе нова постапка за набавка, (Прилог број 2 точка 8 од Извештајот);
- со оглед на тоа што доставените понуди за Довршување на пешачка патека Струга Калиште само се со цена, при рангирањето критериумите се изменети што е спротивно на член 50 став 3 од законот и склучен е договор со Победа с. Ботун, постапката требало да се повтори, (Прилог број 2 точка 6 од Извештајот);

3. Извршени се набавки во вкупен износ од 996 илјади денари спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки,Сл.весник на РМ 19/04, без да се обезбедат најмалку три понуди, (Прилог број 3 од Извештајот);

4. За градежни работи на објект трафостаница станбен комплекс Караорман во вкупен износ 4,092 илјади денари без постапка согласно член 29 од Законот за јавни набавки Сл.весник на РМ 19/04, односно не е склучен договор за купопродажба на недвижност согласно член 443 став 1 од Законот за облигациони односи (Сл. Весник на РМ бр. 18/01). Записникот од извршен увид на објект трафостаница Караорман Струга број 03-1042/1 од 24.12.2004 година склучен меѓу Фондот за локални патишта и улици на општина Струга и ЕСМ подружница Струга нема печат од страна на ЕСМ подружница Струга, (Прилог број 4 од Извештајот);

Неприменување на горespoменатите одредби од Законот за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени.
**Препорака:** Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

12. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 11.2. е преценување на расходите за износ од 180 илјади денари и потценување на н Вишокот на приходи над расходи за истиот износ, во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 11.3. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 9.563 илјади денари.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1.;11.2. и 11.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за локални патишта и улици на општина Струга под 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, , освен за изнесеното во точка 11.3. и 11.4. кај Фондот за локални патишта и улици на општина Струга е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

15. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2000 година, од страна на Фондот за локални патишта на општина Струга превземени се мерки и е постапено по препораките на ревизијата за точките 1.11. ; 1.12.; 1.13 ; 1.14.; 1.15. и 1.16. кои се однесуваат на непримена на буџетското сметководство, постапено е по точките 1.5. и 1.6. за исплатените повисоки плати на вработените и повисоки надоместоци. Не е постапено по наодите од точките 1.1. и 1.2. за неизвршениот попис, по точките 1.7. и 1.8. за неевидентирање на направените цесии, точката 1.3. за давање и примање на позајмици помеѓу Органот и Фондот .

**Скопје, 19.05. 2006 година** **Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ СТРУГА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 69,377 | 30,959 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 7,311 | 1,316 |
| Капитални приходи | 3.5. | 644 | 15 |
| Трансфери и донации | 3.6. | 7,477 | 42,934 |
| **Вкупно приходи** | | **84,809** | **75,224** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 5,681 | 5,433 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 66,752 | 58,614 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 220 | 75 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **72,653** | **64,122** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 12,061 | 6,596 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **12,061** | **6,596** |
| **Вкупно расходи** | | **84,714** | **70,718** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **95** | **4,506** |

**ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ СТРУГА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 95 | 4,506 |
| Побарувања | 4.1.2. | 49,950 | 45,346 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.3. | 400 | 400 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 100,914 | 110,930 |
| **Вкупно тековни средства** | | **151,359** | **161,182** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.5. | 32,277 | 29,757 |
| Материјални средства во подготовка | 4.1.5. | 35,888 | 35,888 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.1.6. | 759 | 5,000 |
| **Вкупно постојани средства** | | **68,924** | **70,645** |
| **Вкупна актива** | | **220,283** | **231,827** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 99,707 | 110,930 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.2.2. | 1,495 | 5,736 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.2.3. | 631 | 311 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.4. | 50,285 | 49,541 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **152,118** | **166,518** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.5. | 68,165 | 65,309 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **68,165** | **65,309** |
| **Вкупна пасива** | | **220,283** | **231,827** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **65,309** | **0** | **65,309** |
| **Зголемување по основ на:** | **3,536** | **12** | **3,548** |
| Набавки | 3,536 | 12 | **3,548** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **680** | **12** | **692** |
| Отпис на капитални средства | | | |
| Амортизација | 680 | 12 | **692** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **68,165** | **-** | **68,165** |